Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр 202/24), Програмата за социјална заштита за 2026 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр. 19/25 од 31.12.2025“), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за обезбедување на услуга – Студија за состојбите, трендовите и потребите на лицата со попреченост и аутистичен спектар во Општина Битола

Врз основа на Програмата за социјална заштита на Општина Битола за 2026 година, Општина Битола објавува јавен повик за ангажирање на консултант за изработка на Студија за состојбите, трендовите и потребите на лицата со попреченост и аутистичен спектар во Општина Битола.

**Предмет на јавниот повик**

Предмет на овој јавен повик е ангажирање на стручно лице или организација која ќе изработи Студија за состојбите, трендовите и потребите на лицата со попреченост и аутистичен спектар во Општина Битола. Извештајот треба да даде реална слика за состојбите на локално ниво и да овозможи подобро планирање на идни мерки и услуги.

Во рамки на извештајот потребно е да се направи:

- идентификација на лицата со попреченост и нивните семејства;
- анализа на постојните услуги и нивната пристапност;
- проценка на потребите на корисниците;
- анализа на трендовите поврзани со стапката на попреченост и дијагнозите од аутистичниот спектар;
- подготовка на препораки за подобрување и развој на интегрирани услуги.

**Цел на ангажманот**

Целта на ангажманот е да се обезбеди стручна и сеопфатна студија која ќе претставува основа за креирање на поефикасни локални политики и услуги. Преку студијата, Општина Битола ќе добие насоки за подобро планирање на активности и мерки во областа на социјалната заштита и инклузијата.

Особено значење има идентификацијата на постојните пропусти во системот и предлагањето практични решенија кои ќе придонесат кон подобра поддршка и поголема достапност на услуги за лицата со попреченост и лицата од аутистичниот спектар.

**Очекувани резултати**

Од избраниот консултант/организација се очекува да достави финална студија со јасно дефинирани наоди, анализи и препораки. Судијата треба да биде применлива и да претставува основа за понатамошно планирање во рамки на Програмата за социјална заштита на Општина Битола.

Како резултат од активноста се очекува:

- готов документ со идентификувани групи, потреби и системски пропусти;

- сет на интегрирани препораки за подобрување на услугите;
- основа за идни активности и мерки на локално ниво;
- можност за следење и мерлива примена на препораките.

**Времетраење и буџет**

Активностите ќе се реализираат во текот на 2026 година, согласно динамика договорена со Општина Битола.

За реализација на оваа активност е предвиден буџет согласно Програма за социјална заштита на општина Битола за 2026 година.

**Право на учество**

Право на учество на јавниот повик имаат:

- физички лица – консултанти;
- здруженија на граѓани;
- истражувачки и консултантски организации;
- други правни субјекти со релевантно искуство.

Апликантите треба да поседуваат искуство во областа на социјална заштита, попреченост, инклузија, истражувања или подготовка на студии, анализи, планови, програми и јавни политики.

**Критериуми за избор**

Консултантот треба да ги исполнува следните критериуми:

- Релевантно високо образование.
- Искуство во изработка на стратешки документи и анализи во областа на социјалната заштита.
- Квалитет и применливост на предложената методологија.
- Познавање на националната и локалната социјална политика.
- Искуство во работа со локална самоуправа или јавните институции на ниво на општина Битола.
- Способност за аналитичко размислување и изготвување на препораки.
- Познавање на локалниот контекст и прашања поврзани со попреченост и аутистичен спектар.
- Финансиска понуда.

**Потребни документи за аплицирање**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

1. Профил на организацијата и/или биографија (CV) со нагласено релевантно искуство на лицето кое ќе го изготвува студијата.
2. Писмо за интерес со предлог - методологија за изработка на студијата.
3. Листа на референци со доказ за претходно релевантно искуство.
4. Временска рамка за реализација.
5. Финансиска понуда.

**Рок и начин на поднесување на пријавите**

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:

Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај“ бр.61; (со назнака – Пријава за обезбедување на услуга – Студија за состојбите, трендовите и потребите на лицата со попреченост и аутистичен спектар во Општина Битола) најдоцна до **08.06.2026**.

Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на Комисијата за **јавен повик за** обезбедување на услуга – Студија за состојбите, трендовите и потребите на лицата со попреченост и аутистичен спектар во Општина Битола.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: simonajoveska132@gmail.com и моб: 071385682.

**Напомена:**

Општина Битола го задржува правото да не избере ниту еден апликант доколку доставените понуди не ги исполнуваат условите и потребите предвидени со јавниот повик.

Бр.08- 671 /1
28.05.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК • ОПШТИНА БИТОЛА